**20150401370**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 66-д став (3) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13 и 138/14), министерот за внатрешни работи донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ НА БОДУВАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ОСПОСОБЕНОСТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИ НА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВОЗИЛА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на бодување на стручниот испит за оспособеност за извршување на работи на технички преглед на возила.

Член 2

Тестот од писмениот дел од стручниот испит за оспособеност за извршување на работи на технички преглед на возила се состои од 50 прашања од следните области:

- пет прашања од областа на возила;
- дваесет прашања од областа на технички преглед на возила и
- дваесет и пет прашања од областа на познавање на возила (моторни возила, техничка експлоатација, одржување на моторни возила и друго).

Точниот одговор на прашањата од областите од став 1 на овој член се бодува со два бода, сличните одговори со точниот се бодуваат со нула бода, неточниот одговор во мал обем се бодува со минус еден бод, а неточниот одговор во голем обем со минус два бода.

Кандидатот може да добие најмногу 100 бода на тестот.

Член 3

Се смета дека кандидатот го положил писмениот испит ако има најмалку 70 бода и најмалку половина од бодовите за секоја област од член 2 став 1 на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 13.1-15903/1
5 март 2015 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.